

# ПАВЛЕ
# КУЗМАНОСКИ

Изложбата на **Павле Кузманоски** претставува резултат на една долгогодишна доста богата и зрела ликовна продукција која опфаќа 3 циклуси:

1. сведоци;
2. мртви природи и
3. девојки.

Првиот циклус презентира неми сведоци исполнети со психолошко чувство на обременет животен пат исполнет со тежината на годините и искуството на мудроста. Сведоците се прикажани со хиперреалистичен нерв на прецизност во кој авторот ги вметнал сите доживувања на допирот на четката, бојата и платното. Ликовите претставуваат стари, побелени машки фигури, навидум личности на кои никој не обрнува внимание, а тие гледаат, забележуваат (со вчудоневиденост или летаргичност) сè што се случува околу нив. Тоа се сведоци на едно постоење, минување низ животот, на пат кон битисување.

Од ликовен аспект, колоритот е светол, со суптилни обработки на премините на деталите. Специфично е "караваџовско" осветлување и нагласување на поедини делови од ликот, како и елеганција во потегот на четката особено при обработката на деталите на кои посебно го посветува своето внимание. Позадината останува недефинирана, мистична, празна, со тенденција да ја истакне психолошката динамика на виртуелната, ментална реалност.

Мртвата природа, како белег на хиперреалистичното ликовно изразување, претставува другата значајна тема за авторот. Минимизирани елементи од мртва природа насликани се на голема просторност. Наспроти фотографската прецизност на елементите, позадината е решена низ извесен апстрактен геометризам така што од тој аспект делата претставуваат спој на ликовни противречности. Карактеристичен е специфичен, светло-бел колорит.

Во циклусот "Девојки", Кузманоски низ своевидна експресија ги изнесува своите лирски чувства во кои покрај експресивноста на потегот, специфични се византолошко-иконографските елементи пред сѐ во поставеноста и изразот на фигурата. Доминантен е цртежот кој низ акварелот добива карактеристична димензија.

Ликовниот ракопис на Кузманоски преку оваа експозиција ќе ја дополни сликата на современата ликовна уметност во Македонија прикажана во Уметничката галерија во Битола.

*Лилјана Христова*
*Историчар на уметност*

## Каталог на делата:

### Циклус - сведоци:

сведок 1, 1990, масло на платно, 75 x 65 см

сведок 2, 1990, масло на платно, 90 x 75 см

сведок 3, , масло на платно, 63 x 53 см

сведок 4, , масло на платно, 63 x 53 см

сведок 5, 1995, масло на платно, 65 x 55 см

сведок 6, 1997, масло на платно, 65 x 55 см

сведок 7, 1992, масло на платно, 50 x 50 см

### Циклус - мртви природи:

м. природа 1, 1997, масло на платно, 65 x 55 см

м. природа 2, 1997, масло на платно, 65 x 55 см

м. природа 3, 1996/97, масло на платно, 90 x 80 см

м. природа 4, 1996/97, масло на платно, 90 x 80 см

м. природа 5, 1997, масло на платно, 90 x 80 см

м. природа 6, 1997, масло на платно, 90 x 80 см

м. природа 7, 1997, масло на платно, 80 x 70 см

м. природа 8, 1997, масло на платно, 90 x 80 см

### Циклус - девојки:

девојка 1, 1988, акварел, гваж, акрил, 80 x 60 см

девојка 2, 1988, акварел, гваж, акрил, 80 x 60 см

девојка 3, 1996, комбинирана тех., 80 x 60 см

девојка 4, 1997, акрилик, 80 x 60 см

девојка 5, 1997, акрилик, 80 x 60 см

девојка 6, 1997, акрилик, 80 x 60 см

девојка 7, 1999, акрилик, гваж, акварел, 80 x 60 см



**Павле Кузманоски** роден 1939 година во Тетово.
1966 Дипломирал на Академијата за применети уметности во Белград.
1980/81 Специјализирал сликарство во Анже - Франција како стипендист на француската влада.
Учесник е на голем број меѓународни ликовни колонии во земјата и тоа: во Прилеп, Белчишта, ман. "Свети Јоаким Осоговски", Струмица, Охрид, Крушево.
Член е на Друштвото на ликовните уметници на Македонија од 1973 година.

## Награди:

1968 - Ноемвриска награда за сликарство на Тетово - највисоко општинско признание.
1980 - Награда "ДЛУМ - цртеж" при НУБ "Климент Охридски" - Скопје.
1986 - Награда и повелба за сликарство "ЛИКУМ" на авторската агенција за СРМ.
1998 - Награда "Методија Ивановски - Менде" на изложбата "Сликарство мал формат" при културно информативниот центар во Скопје.

Живее и работи во Тетово како самостоен ликовен уметник.

## Адреса:

Павле Кузманоски
ул. "Димо Гавровски - Кара" бр. 84а Тетово
тел. 094/332-520

## Изложби:

Самостојни изложби имал во Тетово, Скопје, Нови Сад, Сараево, Делчево, Охрид, Будва, Кичево, Крушево, Кочани, Струмица, Париз...
Учествувал на сите групни изложби на ДЛУМ од 1973 година како и на сите изложби на ДЛУМ-цртеж и на графичките изложби на ДЛУМ во Скопје со одреден прекин во последните години.
Изложувал на тематски, биенални, периодични и други видови групни изложби во Скопје, Битола, Белград, Тузла, Суботица, Париз...



УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
Битола
10 - 25 декември, 1999

**Организатор:** Завод, Музеј и Галерија - Битола
**За организаторот:** Иван Јолевски
**Комесар за изложбата:** Лиљана Христова
**Компјутерска обработка:** Пеце Илиевски
**Печат:** АД "Киро Дандаро" - Битола